З А П И С Н И К
за извршен инспекциски надзор
Ип 1 бр. 57-36
Датум: 27.04.2021 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзорот	Физичко лице	
Седиште/адреса на субјектот		
Адреса за е-пошта		
Телефон		
Матичем број на субјектот		
Даночен број на субјектот		
Број на трансакциска-сметка на субјектот		
Банка депонент	Халк банка АД–Скопје	
Одговорно лице на субјектот:/		
Име и презиме: физичко лице	Телефон	Е-пошта /

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекцискиот надзор	1. РЕДОВЕН	2. **ВОНРЕДЕН**	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	22.04.2021 г. и 26.04.2021г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	12:00 ч.
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	27.04.2021 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	13:00 ч.
Назив на објектот–инсталацијата каде што се	/		

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

врши надзорот	
Главна дејност на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот	/
Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот	Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК)

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за м. март, 2021 г. бр. 57-13/4 од 05.04.2021 г., а согласно со Барањето бр. 20-2494/1 од 09.03.2021 г., поднесено од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК, со образложение дека корисникот за проектот –„Мултиетничка манифестација за деца 2020година“, има доставено неуредна документација.

Инспекцискиот надзор е извршен од:

помошник инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК. За почетокот на вршењето на надзорот, субјектот на надзорот е известен со Допис Ип. 1 бр. 57-36 од 20.04.2021 г. согласно со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ” 102/19).

Предмет на вонредниот инспекциски надзор

Предмет: инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на член 68 од **Законот за културата**, односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура на **Агенцијата за деловно посредување и застапување на авторски права ВЕДА – Скопје**, во вкупен износ од **75.000 денари**, за учество во проектот од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско - уметничка дејност за 2020 г., од кои на ден 2.12.2020 г. на корисникот и е исплатен нето износ од 66.728 **денари** (забелешка: 8.272 денари по основ на провизија и персонален данок), согласно со Договорот бр. 20-5009/1 од 24.4.2020г., за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско - уметничка дејност за 2020 г., како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот - „Мултиетничка манифестација за деца

2020година", до МК да биде доставен **извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на ОБРАЗЕЦОТ за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на Министерството за култура како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери, промотивни видеа).**

Основ: член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

4) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од следново физичко лице:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
соработник на проектот		/

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица

Ред. бр.	Име и презиме	Својство
/	/	/

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве **наоди за утврдената фактичка состојба**:

-Корисникот доставил **Пријавата УП 1 бр. 20-4712 од 8.11.2019** г., за проектот **„Мултиетничка манифестација за деца 2020"**, по годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2020 година во музичка и сценско уметничка дејност/област, а согласно со Решението УП 1 бр. 20-4712/2019 од 14.02.2020 г., донесено од министерот за култура истиот е прифатен како Проект од национален интерес во културата за 2020 година. Во Пријавата за проект од областа на музичка и музичко-сценската дејност од МК се побарани 600.000 денари.

-Согласно со Договорот бр. 20-5009/1 од 24.4.2020 година, за учество во финансирање на Проект од национален интерес во културата од областа на музичката и музичко-сценската дејност за 2020 година, од Буџетот на РСМ преку МК, на корисникот **му биле одобрени 150.000 денари**, а со Решение за исплата на средства бр. 20-5009/2 од 19.11.2020 година, донесено од министерот за култура, на жиро-сметката на Агенцијата за деловно посредување и застапување на авторски права „Веда" ДООЕЛ од Скопје, за реализација на горенаведениот Проект, авансно се преведени **75.000 денари**, од кои средствата во **нето износ од 66.728 денари, се преведени на трансакциската сметка на корисникот**,додека 8.272 денари се по основ персонален данок од доход и провизија.

Во однос на **опис на проектот -„Мултиетничка манифестација за деца 2020"**, меѓудругото во Пријавата е наведено дека настанот ќе се одржи во село Врапчиште во О.О.У. Врапчиште, а за датумот и времетраење на.проектот/концерт наведен е периодот од 28.април до 30. април, 2020 година (2 дена).

-Согласно со член 2 став (2) од Договорот, според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори (авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски планза реализација на проектот** пополнет на образецот објавен на веб-страницата на МК, корисникот најпрво на 08.10.2020 г. до МК има доставено Барање заведено под бр. 20-10294/1 од истиот датум, за исплата на првата рата од одобрените средства од МК, за реализација на проектот -**„Мултиетничка манифестација за деца 2020"**.

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Во **Оперативниот и финансиски план, е наведено дека Проектот - „Мултиетничка манифестација за деца 2020“, ќе се реализира во село Врапчиште** на ден 20.10.2020 г. и со времетраење од еден ден, притоа во оперативниот и финансиски план наведено е дека манифестацијата во план беше да се одржи во месец април-мај но поради пандемијата се одложи за реализација во м. октомври, при што во Планот за описот на трошокот наведени се следните ставки: хонорар за координатор на проектот во износ од 50.000денари, хонорар за менаџер на проектот во износ од 30.000 денари, хонорар за соработник на проектот во износ од 40.000денари, трошоци за озвучување бина Енеа Принт во износ од 10.000денари, трошоци за пропаганден материјал Лума график во износ од 20.000денари, се вкупно 150.000 денари).

-Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5став (1) од договорите за учество во финансирање проект од национален интерес склучени со МК, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот (забелешка: според **член 3 став 1 од Договорот** заклучно со 20.11.2020 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2020 г.), до МК да го достави **извештајот за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, **на ОБРАЗЕЦОТ за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на Министерството за култура,** од извршениот увид во документацијата добиена од Секторот за дејностите и уметноста на МК, до МК е доставен пополнет Образец за наративен и финансиски извештај за реализацијата на проектот – „Мултиетничка манифестација за деца 2020“,заведен во МК под **бр. 20-13285/1 од 18.12.2020 година**.

Во Образецот, во наративниот дел од Извештајот е наведено дека Проектот - „Мултиетничка манифестација за деца 2020“,е реализиран на 20.10.2020 г., во 18.00 часот во **Основното училиште во Врапчиште, Општина Врапчиште**, а дека поради состојбата со КОВИД 19, концертот е одржан пред малобројната публика. Во прилог, кон Образецот е доставена материјално-финансиската документација (про-фактура од 2.9.2020г., за трошоци за бина и озвучување во износ од 10.000денари, фактура бр.85/2020 од 1.08.2020 г., за пропаганден материјал од ЛУМА График во износ од 20.000денари, 10 црно-бели фотографии-мал формат и

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

банковен извод), како и два постери со формат А 4 и поканите, испечатени на поцврста хартија и со ласерски печатар.

Користење на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК

-Од Буџетот на Р. Северна Македонија преку МК согласно со Договорот бр. 20-5009/1 од 24.4.2020 г., за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско - уметничка дејност за 2020 г., **одобрени се средствата во вкупен износ од 150.000 денари.**

Според сметководствената документација и евиденцијата на МК, со Решението бр. 20-5009/2 од 19.11.2020 г., од страна на Министерството за култура за корисникот авансно од Буџетот на РСМ на **Агенцијата ВЕДА – Скопје**, се преведени средствата во вкупен износ од **75.000 денари**, за учество во финансирање на проектот од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско - уметничка дејност за 2020 г., од кои на ден 14.12.2020 г., на корисникот авансно е исплатен нето износ од 66.728 **денари**.

За трошењето на програмските средства вонето износ од 66.728 денари, од страна на корисникот до Министерството за култура, со Финансискиот и наративниот извештај за реализација на Проектот, е доставена следната документација:

1.)Договорот од 10.5.2020 г., којшто го има потпишано , како автор-координатор на Проектотво износ од 50.000денари, (**со исплатени 66.728,00 денари,** според Банковен извештај од Халк Банка од 14.12.2020 г.);

2.) Договорот од 10.5.2020 г., потпишан од со како менаџер на проектот во износ од 41.919денари, (**со обврска** во износ од 41.919 денари);

3.)Договорот од 10.5.2020 г., потпишан о со како соработник на проект во износ од 20.000 денари, (**со исплатени 20.030 денари,** според Банковен извештај од Халк Банка од 14.12.2020 г.);

3.) Агенцијата ВЕДА – Скопје, провизија и персонален данок од доход **во вкупен износ од 8.272 денари, за вкупно исплатените 75.000 денари (бруто), а прикажани се и обврските во вкупен износ од 75.000 денари и тоа по:**

4.)Про-фактура од 02.09.2020 г., на **Трговец поединец за печатење ЕНЕА ПРИНТ – Тетово (ЕДБ 5028014509330), трошоци за бина и озвучување** (без податоци за кој настан и на кој ден е извршена услугата), на износ од **10.000 денари,**
***(забелешка:видно од доставените фотографии од одржаниот настан-концерт „Мултиетничка манифестација за деца 2020", не е наместена бина за одржување на концертот, туку само озвучување и апаратура), и**

5.)Фактура бр. 85/2020 од 01.08.2020 г., на **Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги ЛУМА График од Тетово (ЕДБ 4028006145929), за пропаганден материјал** (без податоци за тиражот, количество и видот на пропагандиот материјал),на износ од **20.000,00 денари.**

Во дополнително определениот рок, односно до 26.04.2021 г., до инспекторот не е доставен побараниот видео запис за реализиран концерт, со исклучок на две корегирани фактури и тоа: Фактура од 02.09.2020 г., на ЕНЕА ПРИНТ за трошоци за озвучување 4 звучници и апаратура и бина во износ од 10.000 денари и Фактура бр. 85/2020 од 01.08.2020 г., ЛУМА График-Тетово за надомест за трошоци за пропаганден материјал и тоа диплома, покани, плакати А-4 и постери во износ од 20.000 денари.

На ден 20.04.2021 г., за службените потреби на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, испратен е мејл до О.О.У. „Врапчиште", во с. Врапчиште, со којшто е побарана информација дали на 20.10.2020 г., во 18.00 часот во О.О.У. „Врапчиште", во с.Врапчиште, е одржан концерт на „Мултиетничка манифестација за деца 2020" и дали имаат соодветна материјално-финансиската документација, како доказ за истото. На ден 21.04.2021 г., од страна на директорот по маил добиен е одговор на бараните информации дека на 20.10.2020 г. во О.О.У. „Врапчиште" во с. Врапчиште, одржан е концерт „Мултиетничка манифестација за деца 2020" и дека документацијата за настанот, ќе биде дополнително доставена. Исто така на ден 27.10.2021 година, од страна на директорот по маил добиен е одговор дека од страна на физичкото лице не беше користена никаква опрема од страна на основното училиште Врапчиште, поради тоа што озвучувањето на училиштето е старо и не е во функција и затоа се одлучи да се изнајми озвучување од ЕНЕА ПРИНТ од Тетово, исто така од ЛУМА ГРАФИК беше набавен и пропаганден материјал.

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице -соработник на проектот:

- Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот.

- од авансно преведените средства на кориснико од с. Врапчиште, општина Врапчиште во вкупен нето износ од 66.728 денари (од одобрените 150.000 денари), од Буџетот на РСМ, преку МКсогласно со Оперативниот и финансиски план, за реализација на Проектот - „Мултиетничка манифестација за деца 2020", наменски се потрошени средствата, исплатени за хонорар на коринаторот на проектот во износ од 46.728 денари и хонорар за соработник на проектот во износ од 20.000 денари, додека преостанува ненамирена обврска за озвучувањеза 4 (четири) звучници и апаратура во износ од 6.000 денари и тоа по дел од Фактурата 09/2020 од 02.09.2020 г., издадена од Трговец поединец за печатење ЕНЕА ПРИНТ – Тетово *(забелешка: видно од доставените фотографии од одржаниот настан-концерт „Мултиетничка манифестација за деца 2020", не е наместена бина за одржување на концертот, туку само озвучување и апаратура);* и обврска за печатење на пропаганден материјал и тоа: диплома, покани, плакати А-4 и постери во износ од 20.000 денари (Фактура бр. 85/2020 од 01.08.2020 г., издадена од ЛУМА График-Тетово); со што преостанува обврска на МК да доисплати износ од 71.000 денари.

- во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 6 став (2) од Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да достави извештај за реализацијата на проектот, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на Образецот за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, утврдено е дека Извештајот е доставен на 18.12.2019 г. до МК.

- во однос на обврската од член 4 од Договорот бр. 20-5009/1 од 24.4.2020 г., според којашто корисникот бил должен во рок од 15 (петнаесет) дена пред реализацијата на проектот до Министерството за култура по електронска

пошта на адресата info@kultura.gov.mk да достави известување за денот, местото и времето на реализацијата на Проектот и за содржина на Проектот, како и промотивни материјали поврзани со проектот (плакати, постери, промотивни видеа), а во рок од 3 дена по реализацијата да достави известување дека е реализиран проектот со приложување на фото/видео документација утврдено е дека корисникот нема постапено по оваа обврска.

Поради тоа што не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

11)Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12)Забелешки на субјектот на надзорот:

Потпис на на претставникот на субјектот на надзор:		Печат и потпис на инспекторот за култура:	помошник инспектор за култура
Датум:	.04.2021 г.	Датум:	

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk